**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1329/**

# З А П И С Н И К

**Од 271.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 25.02.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим**,** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**.**

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Виолета Димеска-Раководител на Одделение за планирање и реализација на буџети, Даниела Илиовска-Независен ревизор БДО-Скопје, Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси МРТ и Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација.

Седницата започна во 14.40 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 270.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и одлучување по Жалба со бр.03-1269/1 од 20.02.2025 година против Одлука за прекин на договор за вработување.

3. Разгледување и усвојување на Нацрт ревизорски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ за 2024 година од Независно ревизорско друштво БДО-Скопје.

4. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година.

5. Разгледување и усвојувцање на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во периодот од 01.10-31.12.2024 година.

6. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 270.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 270.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 270.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 270.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА 2:**Разгледување и одлучување по Жалба со бр.03-1269/1 од 20.02.2025 година против Одлука за прекин на договор за вработување.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде вовед во оваа точка и ги стави на разгледување материјалите по Жалбата со бр.03-1269/1 од 20.02.2025 година.
Јана Граматниковска од Одделението за човечки ресурси објасни законски како е донесена Одлуката за прекин на договор за вработувње со бр.04-659/1 од 04.02.2025 година од првостепениот орган-Директорот на МРТ, и сите процедури околу истото.

Од страна на членовите на Програмскиот совет на МРТ беше извршен увид врз документите по Жалбата со бр.03-1269/1 од 20.02.2025 година, и по расправата се одлучи:

■По расправата по Жалбата со со бр.03-1269/1 од 20.02.2025 година на работникот Сања Бујан беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа:**0** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **10** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ едногласно **ја отфрли** Жалбата со со бр.03-1269/1 од 20.02.2025 година на работникот Сања Бујан како неоснована.

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на Нацрт-поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО-Скопје.**
По оваа точка збор зема Даниела Илиовска овластен ревизор од ревизорската куќа БДО-Скопје и пред присутните го презентираше извештајот за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈРП МРТ, кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2024 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Нацрт-ревизорскиот извештај за фнансиското работење на ЈРП МРТ за 2024 година од независно ревизорско друштво-БДО Скојпе, без забелешки.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои поединечениот Ревизорски извештај за ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2024 година, од независен овластен ревизор-ревизорска куќа БДО Скопје, и по расправата го предложи следниов Заклучок:

●Програмскиот совет на МРТ констатира дека Нацрт-ревизорскиот извештај на независниот овластен ревизор БДО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2024 година е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во Република С Македонија,и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска-раководител на Одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година.
Виолета објасни дека тековното работење на ЈРП МРТ во анализираната 2024 година се одвиваше согласно усвоениот финансискиот план за 2024 година и во рамки на планираните износи како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2024 година без забелешки.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАНИ гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2024 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2024-31.12.2024 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска,-раководител на Одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2024-31.12.2024 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.10.2024-31.12.2024 година без забелешки.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2024-31.12.2024 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2024-31.12.2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2024-31.12.2024 година е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА 6:Разно.**

По однос на оваа точка членот на Програмскиот совет на МРТ Златко Јанковски побара за наредна седница да се достават до советот на увид Договорите за копродукција за следните проекти:

-360 степени,
-Метео на МТВ,
-ИРЛ,
Агенда 35 и
-Еувизија.

Седницата заврши во 15.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател